[redacted]

Врз основа на член 29 став (2) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), министерот за финансии донесе

# РЕШЕНИЕ
## за одземање на лиценца за вршење на работи на процена од област на побарувања и обврски

1. СЕ ОДЗЕМА лиценцата за процена од област на ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ издадена од Министерството за финансии под бр. 11-1744/2 од 19.02.2013 година на трговското друштво - Друштво за вештачење и процена СИНОПСИС ДООЕЛ со ЕМБС 6710115, со седиште на бул. Партизански одреди бр.105/7 во Скопје.

2. Се забранува на Друштвото за вештачење и процена СИНОПСИС ДООЕЛ да поднесува барање за издавање лиценца за процена од областа на побарувања и обврски во рок од три години од денот на одземањето на лиценцата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комората на проценувачи на Република Македонија до Министерството за финансии достави Известување бр. 424/14 од 06.03.2014 година, за исполнување на условите за одземање на лиценца на овластен проценувач од област на побарувања и обврски на Друштвото за вештачење и процена СИНОПСИС ДООЕЛ Скопје. Известувањето е заведено во Министерството за финансии под бр. 12-9466/1 од 10.03.2014 година. Во Известувањето се наведува дека Друштвото Синопсис не ја платило членарината за 2013 година на Комората на проценувачи, иако Комората на 05.12.2013 година на адресата за електронска пошта на Друштвото Синопсис доставила опомена за плаќање на членарината до 15.12.2013 година.

Согласно член 38 став (1) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), проценувачите задолжително секоја година плаќаат годишна членарина. Ако овластениот проценувач уредно не ја плаќа членарината на Комората на проценувачи, лиценцата се одзема (член 29 став (1) алинеја 5 од Законот за процена). Во случај на неплаќање на годишната членарина, лиценцата се одзема во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од Комората на проценувачи (член 29 став (6) од Законот за процена).

[redacted]

Овластениот проценувач на кој му е одземена лиценцата од соодветна област поради неплаќање на годишната членарина, не може да побара издавање на нова лиценца за проценувач од соодветна област три години од денот на одземањето на лиценцата (член 29 став (10) од Законот за процена).

Имајќи го предвид горе наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Решено во Скопје на 24 март 2014 година, под бр.12-9466/2.

Зоран Ставрески
Министер за финансии

Изработил: Александра Димовска
Јане Севдински
Проверил: Ленче Тагасовска
Одобрил: Виолета Стојановска Петровска
Согласен: Наташа Стојмановска